**УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ**
**GastroGuard®/ГастроГард®**
**680 mg/80 mg таблети за цвакање**
(calcium carbonate/magnesium carbonate)

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.**
Овој лек се издава без рецепт. И покрај тоа, треба да го употребувате претпазливо за да Ви биде што повеќе од корист.

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Советувајте се со Вашиот фармацевт ако Ви се потребни дополнителни податоци.
- Ако симптомите на Вашата болест не се подобрат во текот на 7 дена, тогаш мора да го известите Вашиот доктор.
- Ако некоја од несаканите појави стане сериозна или ако забележите несакана појава којашто не е наведена во ова упатство, Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевтот.

**Упатството содржи:**

1. Што претставува ГастроГард и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите ГастроГард
3. Како да се употребува ГастроГард
4. Можни несакани дејства
5. Како да се чува ГастроГард
6. Содржина на пакувањето и други информации


## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ГастроГард И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Лекот ГастроГард таблети го намалува вишокот желудочна киселина и овозможува брзо ублажување на чувството на надуеност и на жарење зад градната коска (жиговина).

Таблетите за цвакање ГастроГард се користат за ублажување на желудочните тегоби поврзани со:

- нарушено варење на храната, вклучувајќи и нарушено варење на храната во текот на бременоста;
- прекумерно консумирање храна и пијалаци;
- гастритис, улкусна болест, рефлуксен езофагитис;
- нарушувања на црниот дроб или на жолчното ќесе.

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ ГастроГард

**Немојте да употребувате ГастроГард ако:**

- сте алергични (хиперсензитивни) на некоја состојка на лекот (наведени во делот 6);
- имате тешка бубрежна болест или ако страдате од камења во бubрезите;
- имате високи нивоа на калциум во крвта или во урината;

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ

- имате ниско ниво на фосфат во крвта.

**Предупредувања и мерки на претпазливост**
Како што е случај и со другите антациди, употребата на овие таблети може да ги маскира симптомите на други посериозни постојни нарушувања. Ако симптомите траат подолго од 7 дена, консултирајте се со Вашиот доктор.

Пациентите на или над 55-годишна возраст со необјасниво и долготрајно жарење зад градната коска треба да се консултираат со својот доктор пред да почнат да го земаат лекот ГастроГард. Болката и непријатноста поврзани со срцеви заболувања може за момент да имитираат нарушување на варењето. Таквата болка нема да исчезне по земањето антациди и затоа во такви случаи се препорачува да се побара медицински совет.

Ве молиме консултирајте се со Вашиот доктор или со фармацевт пред да земете ГастроГард ако имате какви било проблеми со бубрезите.

**Други лекови и ГастроГард**
***Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевтот ако употребувате или ако неодамна сте употребувале други лекови.***
Ако земате антибиотици (тетрациклини, кинолони), лекови за срцева слабост (на пр., дигоксин), тијазидни диуретици (таблети за мокрење), левотироксин (лекови за тироидната жлезда) или други лекови (на пр., флуориди, фосфати, производи што содржат железо, елтромбопаг), разговарајте со Вашиот доктор или со фармацевт пред да земете ГастроГард, бидејќи тој може да влијае на дејството на наведените лекови. Таблетите ГастроГард треба да се земаат 4 часа пред или по земањето елтромбопаг, и 1 – 2 часа по земањето каков било друг лек.

**ГастроГард со храна, пијалак и со алкохол**
Како што е случај и со другите антациди коишто содржат калциум, треба да се избегнува консумирањето големи количества млеко и млечни производи додека се употребува ГастроГард.

**Бременост, доење и плодност**
*Ако сте бремена или ако доите, ако мислите дека сте бремена или ако планирате да забремените, консултирајте се со Вашиот доктор или со фармацевт пред да го употребите овој лек.*
ГастроГард може да се користи за време на бременоста само ако се употребува како што е наведено и ако се избегнува употреба на големи дози. Бидејќи со земањето ГастроГард се внесува значително количество калциум, дополнително од она што се внесува со исхраната, бремените жени треба строго да се придржуваат до максималната препорачана дневна доза и да избегнуваат истовремена прекумерна употреба на млечни производи и на млеко (1 литар содржи до 1,2 грама елементарен калциум).
ГастроГард може да се користи во текот на доењето само ако се зема како што е наведено.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

**Возење и ракување со машини**
ГастроГард не влијае врз способноста за возење и за ракување со машини.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ГастроГард

*Секогаш земајте го лекот точно онака како што Ви препишал докторот. Ако не сте сигурни за нешто, консултирајте се со својот доктор или со фармацевт.*

**Возрасни и деца над 12-годишна возраст**
Една или две таблети се цвакаат или се лижат вообичаено еден час по главните оброци или пред спиење, или при појава на тегобите. Максимална дневна доза е 11 таблети.

**Деца**
Таблетите за цвакање ГастроГард не се препорачуваат за употреба кај деца под 12-годишна возраст.

**Ако сте зеле поголема доза ГастроГард отколку што треба**
Пијте многу вода и консултирајте се со Вашиот доктор или со фармацевт. Симптомите на предозирање вклучуваат гадење и повраќање, запек, замор, зголемено мокрење, зголемено чувство на жед, дехидратација и мускулна слабост.

*Ако имате дополнителни прашања за употребата на овој лек, обратете се кај Вашиот доктор или кај фармацевт.*

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите други лекови и лекот ГастроГард може да предизвика несакани дејства, кои не се појавуваат кај сите пациенти.*

Појавата на несакани ефекти при земањето на лекот во препорачаната доза е малку веројатна.

Многу ретко може да настанат тешки алергиски реакции (на пр. исип, отекување на лицето, устата или на грлото, или останување без здив). Ако ги имате наведените реакции, прекинете го земањето на лекот и веднаш контактирајте со доктор или со одделот за итни случаи.

Долгорочната употреба на големи дози може да предизвика високи нивоа на калциум и на магнезиум во крвта, гадење, повраќање, непријатно чувство во желудникот, пролив и таканаречен млечно-алкален синдром (особено кај лицата со нарушувања на бубрезите) при кој се појавува гадење и повраќање, запек, главоболка, промени во чувството за вкус и мускулна слабост.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

*Ако кој било несакан ефект станува сериозен или ако забележите несакан ефект кој не е наведен во ова упатство, Ве молиме да го известите Вашиот лекар или фармацевтот.*

**Пријавување на несакани дејства**
Доколку ви се појават некои несакани дејства, советувајте се со вашиот лекар или фармацевт. Тоа се однесува и за сите можни несакани дејства кои не се наведени во ова упатство. Со пријавување на несаканите дејства можете да помогнете во обезбедувањето на дополнителни информации за безбедноста на овој лек.
Несаканите дејства на лекот може да се пријават во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински помагала (ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 кат 1) или електронски преку веб-страницата на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.

## 5. КАКО ДА СЕ ЧУВА ГастроГард

Лекот треба да се чува надвор од дофат на деца!
Лекот не бара посебни услови за чување.
Не употребувајте ГастроГард по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на пакувањето. Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.
Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. СОДРЖИНА НА ПАКУВАЊЕТО И ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи ГастроГард**
- Активни супстанции: калциум карбонат и магнезиум карбонат.

Една таблета содржи 680 mg калциум карбонат и 80 mg магнезиум карбонат.
- Помошни супстанции: колоиден силициум диоксид, безводен; делумно прежелатинизиран скроб; коповидон; ксилитол (E 967); хидроксипропилцелулоза, ниско супституирана; вкус на ментол (spearmint и menthol); талк; магнезиум стеарат.

**Изглед на лекот ГастроГард и содржина на пакувањето**
Таблетите се коцкести, бели до белузлави, биконкавни, со заоблени рабови и со знакот на Алкалоид втиснат на едната страна.
Таблетите се спакувани во PVC/PVDC/Al блистер; секој блистер содржи 8 таблети.
Кутијата содржи 8 таблети (1 блистер) и упатство за корисникот.
Кутијата содржи 16 таблети (2 блистера) и упатство за корисникот.
Кутијата содржи 24 таблети (3 блистери) и упатство за корисникот.
Кутијата содржи 32 таблети (4 блистери) и упатство за корисникот.

**Начин на издавање на лекот**
Големина на пакувањето од 8 таблети: Лекот може да се издава и/или да се продава без рецепт (БР).

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

Големина на пакувањето од 16, 24 и 32 таблети: Лекот може да се издава само во аптека и без рецепт (БР).

**Број и датум на одобрението за промет**

**Производител и носител на одобрението за ставање на лекот во промет**
АЛКАЛОИД АД Скопје
бул. Александар Македонски 12,
1 000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.: +389 2 31 04 000
факс: +389 2 31 04 021
www.alkaloid.com.mk

**Датум на последната ревизија на упатството**
Април 2019 г.